**02.02.2005 година**

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НАСТАВЕН ПЛАН

*(Подготвено врз основа на прегледот на нацрт-обновените наставни планови, подготвени на поединечни оддели на Педагошкиот факултет)*

## Општи упатства

***Наставниот план*** *(за единица/предмет/модул)* го пишуваме кратко и содржајно (до 2 страници), во објавениот *унифициран формат за наставен план* (големина 11, Times New Roman), почитувајќи ги овие *упатства.*

***Однос наставен план – студиска програма***
*Наставниот план (за единица/предмет/модул) е прилог за поединечна студиска програма*. Некои значајни карактеристики на студиите се обработуваат во посебни точки од студиската програма (на пример, при определување на основни цели и компетентности за студиската програма), односно како дел од наставниот план на студиската програма (студиски обврски, услови за унапредување, носители, материјални услови итн.), како и други задолжителни елементи на студиската програма. Наставните планови мора да бидат во согласност со одредбите на студиската програма. Забелешка: *унифицираниот формат на студиската програма* за Педагошкиот факултет е во изработка и ќе биде објавен дополнително (засега е познат само *унифицираниот национален образец* за елаборат за студиска програма, што го усвои Советот за високо образование).

**Развој на студиска програма – дескриптори на компетентностите**
Како што може да се забележи од *основната шема за развој на студиската програма,* при подготовка на поединечен наставен план кај поединечни оддели, потребно е да се договори кои се најзначајните *компетентности* што ги развиваат поединечните студиски програми. Појдовна основа за тоа се *дескрипторите* и изготвените списоци, односно *анализи на компетентностите.* Притоа мора да бидеме особено внимателни за да ги опфатиме оние компетентности што со анализата се покажале како многу посакувани, а малку постигнати. Ги користиме општите (генеричните) и специфичните компетентности за поединечните подрачја од студиите.

## Упатства за поединечни точки од наставниот план

1. ***Го запишуваме називот на предметот*** (односно модулот, или други завршни единици од студиите; на пример, студиска пракса, дипломска работа итн.) Модулите се кохерентни елементи на студиските програми во посебните полиња, односно дисциплини; по правило содржат од 6 до 15 ЕКТС.

2. ***Шифрата на предметот -*** *ќе биде определена централно (информациски систем).*

3. ***Бројот на ЕКТС -,***во согласност со правилата на ЕКТС, односно според наведеното во наставниот план. Минимално 3 КБ, а максимално (кај модулите) 15 КБ (само цели броеви).

4. ***Наставни часови -*** посебно го наведуваме вкупниот број наставни часови (часови на коишто непосредно работи високообразовен наставник, или

соработник), а потоа посебно деловите за предавањата (П), семинарите (С) и вежбите (В). Можните карактеристики може да ги наброиме и во рубриката 12 (видот на вежбите: настапи, хоспитации, пракса итн).

5. ***Степен*** – впишуваме една од следните можности: додипломски; магистерски; докторски. (кај понатамошните рубрики 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19 смислено ги користиме *дескрипторите на степените).*

6. ***Година -*** ја впишуваме годината на студиите на одредениот степен (прв – 1,2,3 или 4; втор – 1 или 2; трет – 1, 2 или 3).

7. ***Семестар -*** го впишуваме семестарот на студиите (со број) на определениот степен.

8. ***Студиска програма -*** го впишуваме називот на програмата (една или повеќе) и во која единица истиот припаѓа. Кај изборните предмети на ниво на сите факултети, запишуваме "изборен предмет – сите програми„).

9. ***Студиска насока -*** Го запишуваме називот на насоката, доколку програмата содржи насока.

10. ***Столб -*** Впишуваме една од следните можности: ТПШ/ Задолжителни – струка/ Изборни – струка/ Изборни – пошироко.

11. ***Наставен јазик -*** словенечки јазик. Доколку единицата (може да) се изведува и на странски јазик, тоа информативно го запишуваме, а наставната програма и соодветно ја прилагодуваме (на пример, со литература во соодветен јазик).

12. ***Карактеристики -*** Ги наведуваме можните карактеристики на структурата, односно изведувањето на предметот.

13. ***Цели/компетентности -*** Целите се определуваат пошироко и поопшто; истите ги определуваме со компетентностите што ги развива наставната единица (предмет или модул). Од спектарот на компетентности на студиската програма, избираме и наведуваме 6-10 *компетенции* кон коишто предметот најмногу придонесува. Во рубриката прво го ставаме текстот „*наставната единица придонесува кон развојот на следните општи и специфични компетентности„* (во објавениот формат на наставниот план тоа е веќе вклучено).

    Потоа следи спектар на компетентности што ги впишуваме една под друга. Притоа е нормално различните наставни единици (предмети, односно модули) да може да придонесуваат кон развојот на *истите* компетентности.

    Кога поединечните наставни планови се подготвени, потребно е да се направи и едноставна анализа за споредување на компетентностите во наставните планови, со истите во студиските програми. Така проверуваме дали со нив навистина (оптимално) ги развиваме компетентностите предвидени во студиската програма. Тоа најлесно може да го изведеме така што секој при подготвување на наставниот план во списокот на компетентностите за студиската програма ќе ги означи оние што ги навел и во наставниот план. Така добиваме фреквентна анализа на компетентностите наведени во наставните планови, врз основа на што оценуваме колку со наставните планови

остваруваме компетентности на студиската програма. При наведувањето на компетентностите, мора логично да се надоврзуваат и студиските достигнувања.

14. ***Опис на содржината на единицата*** - Едно под друго ги наведуваме поединечните содржински подрачја и нивните определувања. Описот не смее да надмине 150 зборови.

15. ***Основна литература и извори -*** смислено наведуваме најмногу 10 единици, посебно книжевни, посебно изворите од интернет. Наведуваме и на кој начин на студентите им е достапна дополнителната/семинарската итн. литература, односно извори.

16. ***Студиски постигнувања -*** Мора да бидат јасно опишани, како и критериумите за оценување, односно утврдување дали истите се достигнати. Тоа значи дека е потребно да се спефицифицираат (минималните) барања, стандарди за достигнување на кредитните бодови кај наставната единица (предметот, модулот). Достигнувањето на просечните и натпросечните барања се прикажува во оценката на предметот.

    *Знаење и разбирање:*
    - го наведуваме она *знаење* што задоволува студентот да ги познава/ наведе одредените податоци/ автори, постапки итн;
    - *разбирање* на поими, законитости, теории, појави, структури, процеси, релации, постапки итн.

    *Употребата* на принципите, односно законитостите, односно моделите на поединечните примери, барање на поврзување со праксата, утврдување и оценување итн.

    *Одраз* на сопственото разбирање на теориите и искуствата во праксата, критично вреднување на усогласеноста на теоретските начела и практичното онесување итн.

    *Преносни вештини* (не се поврзани само со еден предмет): вештина за користење домашна и странска литература и други извори, собирање и интерпретирање на податоците, користење на ИКТ и други дидактички помагала, користење различни постапки, известување (усно и писмено), идентификација и решавање на проблемите, критична анализа, синтеза, пишување новинарски текстови, разбирање на прочитана литература, тимска работа, социјални вештини итн.

    Студиските достигнувања се определени оперативно, па така можат да се проверат.

    Компетентностите (13), содржината (14), студиските достигнувања (16) и методите на оценување (19) мора да бидат во меѓусебна логична поврзаност (види: *Основна шема на развојот на студиската погрaма)*.

17. ***Методи на предавање и учење -*** *TUNING документите* го акцентираат когнитивистичкиот, односно конструктивниот и социјално-конструктивниот пристап при предавање, учење и оценување за достигнување на повисоките квалитети на знаења – повеќестепено знаење, интернализирано знаење и знаење од искуство. Тоа значи дека соодветно на тоа е потребно да се прошират и методите на учење и предавање што ќе овозможат такви студиски резултати: предавање, семинари, истражувачки семинари, проектна работа, индивидуални задачи, корпоративно учење/предавање, активно предавање (со feedback), портфолио конференции, лабораториски вежби, работа на терен, работилници.
    Ги наведуваме, односно избираме оние методи на предавање и учење со коишто во најголема мера овозможуваме достигнување на студиските постигнувања што ги наведовме кај наставната единица (предметот, модулот).

18. ***Услови за вклучување во работа, односно за доврешување на студиските обврски:***
    А) услов за вклучување во работа е запишување на година на студии, а можат и одредени претходно извршени обврски (предмети);
    Б) на пример, положени колоквиуми, семинари, или изработки се услов за пристап кон завршниот испит итн.

19. ***Методи на оценување и скала за оценување*** - во согласност со споменатите појдовни основи во *TUNING документите,* оценувањето не го опфаќа (содржи) само знаењето, туку и разбирањето – оценување сосредоточено на когнитивни процеси, подлабоко разбирање на предметот, квалитетна структура (шема) на знаење, организација на знаење и повеќе степенски процеси (метакогнитивни и саморегулативни). Со оглед на ова, потребно е постојните начини на проверка на знаењето да се дополнат со следното:
    А) устен/писмен испит, колоквиуми, есеи, односно семинарски задачи, дневници (log books), практични задачи, односно изработување проекти, решавање реални проблеми, решавање отворени задачи (проблеми), оценување на врсниците, портфолио итн.
    Б) може и во деловите на поединечните (проверливи) студиски достигнувања;
    В) од 6-10 (позитивно), односно 1-5 (негативно), односно положил/ не положил, со почитување на Статутот на УЉ и Факултетските правила.
    Ги наведуваме, односно избираме оние начини на оценување што најдобро соодветствуваат на проверката на студиските достигнувања што ги наведовме кај наставната единица (предмет, модул). Начините на оценување се делат и на дијагностичко (на пример, проверка на знаење за запишување на одредена студиска програма), формално (на пример, придружна повратна информација на студентот за неговиот напредок) и сумарно (заклучно) оценување.

20. ***Методи на евалвација на квалитетот*** - На пример, самоевалвација. Студентските анкети, институционалната самоевалвација и надворешната евалвација, претставуваат задачи на факултетот како целини и нема потреба истите да ги запишувате во поединечниот наставен план.

21. ***Наставниот план го изготви -*** Назив, име и презиме на лицето што го изготвува планот.